Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 5, 25 февруари 2008 година

февруари 2008
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област сметководство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област џез-ударни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот„Гоце Делчев" – Штип ... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област флејта на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ... 13

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област обоа на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ... 16

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област контрабас и бас гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно подрачје филозофија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ... 21

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ ФИЛОЗОФИЈА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

На редовната седница на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Уиверзитетот „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 17 јануари 2008 година, бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на еден кандидат за работното место асистент за научното подрачје филозофија. Благодарение на довербата, имаме чест да го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија” и „Лајм” на 20 декември 2007 година се пријавија кандидатите:

1. м-р Трајче Стојанов
2. м-р Драган Стојковски
3. м-р Зоран Јовески.

Кандидатот **Трајче Стојанов** е роден на 25 март 1977 година во Штип, каде завршува основно и средно училиште. Во 2000 година дипломира на Филозофскиот факултет, на Институтот за филозофија, при Универзитетот „Св. Кирил Методиј” во Скопје, со просечен успех 9,50. Во 2007 година Трајче Стојанов го одбрани својот магистерски труд на тема „Философско-религиските импликации во творештвото на Фјодор Михајлович Достоевски” на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје.

***Работни искуства и партиципација во стручно-научни тела***

1. На 17 јули 2002 година е избран за помлад асистент на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, за предметите Основи на филозофијата, Логика и Социологија на образование.
2. Од 2003 година е член на Философското друштво на Р. Македонија со седиште во Скопје.
3. Член е на Управниот одбор на Философското друштво на Р. Македонија.
4. Подготвува сценарија за радио-проекти реализирани преку Советот за радио-дифузија.
5. Членува во Уредувачкиот одбор на локалното урбано списание „Патент“.
6. Учествува како предавач во проектот „Ширење на маргините”, организиран од Издавачката куќа „Темплум“.

***Објавени трудови***

1. Stojanov, T.: „Ontologija kulture: Religiozni temelji (Istočno i zapadno krščanstvo) kulturnih identiteta u Europi“, Filozofska istraživanja, Zagreb (во печат).
2. Стојанов, Т.: „Преглед на руската философија и утврдување на нејзините особености“, Филозофија бр. 19, Скопје, септември 2006, 49 – 83.
3. Стојанов, Т.: „Мистична антропологија на обожувањето“, Филозофија бр.17, Скопје, март 2006, 89 – 115.

4. Стојанов, Т.: „За особеностите на руската философија", Годишен зборник на Педагошки факултет бр. 5-6, Штип, 2005/2006, 119-132.
5. Стојанов, Т.: „Апофатизмот како темел и источник на православната мисла" , Троичник бр.12, Штип, декември 2005, 33-38.
6. Стојанов, Т.: „Попер, Кун и Лакатош за проблемот на научното откритие", Годишен зборник на Педагошки факултет бр. 3-4, Штип, 2003/2004, 93-103.
7. Стојанов, Т.: „Творештвото како акт на Ерос (Платоновото поимање на љубовта)", СУМ бр.38, Штип, 2003, 109 -113.
8. Стојанов, Т.: „Попер, Кун и Фаерабенд за проблемот на научното откритие", Филозофија бр. 8, Скопје, 2003, 101 - 112.
9. Стојанов, Т.: „Скица на еден нихилизам", Воспитание бр.3, Штип, 2002, 88 - 92.
10. Стојанов, Т.: „Скица на една телеологија", Воспитание бр.4-5, Штип, (2003/2004), 126 - 130.
11. Стојанов, Т.: „L'art pour L'art", СУМ бр.39, Штип, 2003, 99-101.
12. Стојанов, Т.: „Мојот избор: Кјеркегор, Ниче, Достоевски - тројца сурови реалисти", СУМ бр.31, Штип, 2001, 112 - 124.

***Учество на семинари, симпозиуми и обуки***

1. Во 2000/2001 година, серија предавања (Штип, Неготино, Струмица) на тема „Заедница и одговорност", организирани од списанието „Маргина".
2. Во март 2001 година на дводневниот семинар во Институтот „Евро-Балкан" - Скопје.
3. Од 30 јануари до 1 февруари 2006 во Охрид - обука за ЕКТС „Изготвување курикулуми во светло на Болоњскиот процес¬" .
4. Од 23 мај до 25 мај 2006 година, обука за иновативни методи во наставата Читање и пишување до критичко мислење.
5. Во мај 2007 година, излагање на тема „Професионална етика: моралниот лик на наставникот" – научна конференција на Граѓанската асоцијација на учителите на Република Македонија.
6. Од 1 до 5 ноември 2007 година во Охрид - обука „Менторство и подучување".
7. Од 23 до 26 септември 2007 година, Црес, Хрватска, излагање на Меѓународен симпозиум на тема „Човек и култура" во рамките на 16. Денови на Фрање Петрич.

***Други квалификации и вештини***

– Активно познавање на англиски и руски јазик.
– Одлични компјутерски вештини.

***Анализа на некои од поднесените трудови***

Во текстот „*Преглед на руската философија и утврдување на нејзините особености*", објавен во „Филозофија" бр. 19, 2006 година, авторот Трајче Стојанов констатира дека руската филозофска мисла се карактризира со видливи противречности и јасен дијалектички дух. Поради тоа, тој се зафаќа со сериозна задача прецизно да ги утврди карактеристиките што ги споделуваат руската религиска и руската материјалистичка

филозофија. Во заклучокот Трајче Стојанов ја изнесува својата оценка дека и рускиот теизам и рускиот атеизам во филозофијата произлегуваат од заедничкиот корен, а тоа е специфичноста на рускиот ментален склоп, склоност кон целосна, речиси магиска склоност на духот.

Текстот „*Мистична антропологија на обожувањето*", објавен во „Филозофија" бр. 17 во 2006 година, претставува анализа на антрополошкото учење на православното христијанство. Авторот покажува одлично познавање на автентичните христијански извори и нив ги поврзува со релевантна филозофска елаборација и длабоко критичко промислување на една традиција ретко обработувана во нашата научна публицистика.

Во „Годишниот зборник" бр. 3-4 на Педагошкиот факултет во Штип, 2003/4 година, Трајче Стојанов објави текст со наслов „*Попер, Кун и Лакатош за научното откритие*". Овде авторот поаѓа од констатацијата дека проблемот на научното откритие е присутен уште од почетокот на филозофската мисла во антиката. По деталната анализа на наведените автори во насловот на овој текст, Трајче Стојанов заклучува дека гледиштето на Кун е најблизу во објаснувањето на феноменот научно откритие. Во текстот е покажана способноста на авторот да користи релевантна литература, да развива критичка елаборација и да изведува самостојни филозофски заклучоци.

Кандидатот **Драган Стојковски,** кој аплицира на споменатиот конкурс, е роден на 5 јануари 1980 година во Крива Паланка. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2003 година дипломира на Институтот за историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Во документите што ги приложи, кандидатот нема податоци за просечниниот успех на студиите по историја. Кандидатот Драган Стојковски магистрира на Институтот за историја во 2007 година на тема „Политиката на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците во кумановско-кривопаланечкиот регион 1918-1929 година".

Кандидатот Драган Стојковски нема приложено ниту еден објавен научен труд.

Кандидатот **Зоран Б. Јовески** во својата биографија наведува дека е роден на 12 октомври 1960 година во Прилеп. Во истиот град дипломира на Економскиот факултет на насоката Економија на претпријатијата. Исто така, кандидатот Зоран Јовески приложи Уверение за положени испити за запишани наставни предмети (педагогија, психологија и методика) на Филозофскиот факултет во Скопје во 2000 година. Зоран Јовески заврши постдипломски студии на Студиите по мир и развој при Филозофскиот факултет во Скопје и магистрира во 2007 година на темата „Ставовите на студентите за идното членство на Република Македонија во НАТО".

Кандидатот нема приложено објавени стручни и научни текстови.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на поднесените документи и врз основа на барањето во објавениот конкурс, во кое јасно и прецизно е наведено дека за работното место асистент за научното подрачје филозофија е потребно кандидатот да биде магистер по филозофски науки, Комисијата оцени дека тој услов, од пријавените кандидати, го исполнува само кандидатот Трајче Стојанов.

Кандидатот Трајче Стојанов се истакнува со исклучителни педагошки и научни квалитети, како и со ретка дарба за теориско промислување на филозофските проблеми и прашања. Неговиот ангажман во личното педагошко усовршување, за кое сведочат бројните учества во работилници, семинари и предавања, сведочи за неговиот сериозен однос кон

педагошката работа со студентите. Во научните трудови на овој кандидат се потврдува неговиот редок талент за аналитичко-синтетичко и херменевтичко промислување на филозофските проблеми. Објавените текстови на Трајче Стојанов сведочат за сериозен, критички и длабок однос кон филозофското наследство и кон актуелните филозофски прашања и идеи. Поради тоа, комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип да му предложи да го избере кандидатот Трајче Стојанов во звањето асистент за научното подрачје филозофија.

**Рецензентска комисија:**

**проф. д-р Вера Георгиева, с.р.**

**проф. д-р Денко Скаловски, с.р.**

**доц. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, с.р.**